Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново Уп1 бр.02-329 од 05.10.2023г., дополнето на 31.10.2023г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4325/7 од 23.11.2023г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Радиодифузно трговско друштво (РТД) АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], со учество од 100% во основната главнина и

- за пристапување на правното лице Друштво за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС [redacted] и седиште на „[redacted]“ бр.[redacted], чиј единствен сопственик и управител е физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted], и адреса на ул. „[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

2. Се задолжува РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-329 од 05.10.2023г. ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на друштвото.

При увид во доставената документација беше констатирано дека истата не е уредна и комплетна, во смисла на тоа што во образецот на Известувањето не беа наведени податоци (име и презиме, ЕМБГ, адреса и учество во основната главнина) за основачот на правното лице кое пристапува во сопственоста на радиодифузерот, во нотарски заверените изјави од основачот и управителот на друштвото кое пристапува не беше наведен ЕМБГ на ова лице и не беше јасно наведено дека не постојат законски пречки за „..Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје да се стекне со удел во сопственоста на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново“. Имајќи го предвид претходно наведеното, Агенцијата писмено го извести РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново со Допис – Известување за неуредна документација (арх бр.02-329 од 20.10.2023г.) и побара од него да го доуреди и докомплетира Известувањето.

На 31.10.2023г. радиодифузерот достави во Агенцијата дополнување на Известувањето (наш бр.02-329 од 31.10.2023 г.), со што беше констатирано дека доставеното Известување е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020230302688 од 01.11.2023 г., за Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје и „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020230302711 од 01.11.2023 г., за физичкото лице [redacted], од кои е видно дека: правното лице Друштво за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 63.99 – Останати информативни услужни дејности, неспомнати на друго место, не се јавува како основач на трговски друштва и физичкото лице [redacted] се јавува како сопственик и управител на Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје и како овластено лице на подружницата на овој правен субјект. Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“ за [redacted] бр.2007-50/150020230302715 од 1.11.2023 г. од кој може да се констатира дека ова лице се јавува како вистински сопственик само на гореспоменатото правно лице.

Оттука, по извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново ќе биде правното лице Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС [redacted] и седиште на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], чиј сопственик е физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted], и адреса на ул. „[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], со учество од 100% во основната главнина.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-329 од 05.10.2023 г., дополнето на 31.10.2023 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-329**
**24.11.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

**Доставено до:**
1. РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново;
2. Управителот на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново;
3. Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права;
4. Сектор за правни работи и јавни набавки;
5. Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1.